Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

*Твој данок, твоја иднина!*

*08-3061/1, април 2026*

# ПРЕГЛЕД ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

## Видови на доход на кои се плаќа данок на личен доход:

- доход од работа;
- доход од самостојна дејност;
- доход од авторски и сродни права;
- доход од продажба на сопствени земјоделски производи;
- доход од права од индустриска сопственост;
- доход од закуп и подзакуп;
- доход од капитал;
- капитални добивки;
- добивки од игри на среќа;
- доход од осигурување; и
- друг доход.

На оданочување подлежи доходот остварен во пари, во хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.

## Даночен период

❖ Една календарска година,
❖ Во текот на годината се плаќаат аконтации на одделни видови на доход.

## Даночен обврзник

Физичко лице:

- резидент за доходот што го остварува во земјата и светот;
- нерезидент за доходот остварен на територијата на земјата.

Резидент е физичко лице кое во земјата има:

- Постојано живеалиште, или
- Престојувалиште, ако во земјата престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12-месечен период.

## Даночна стапка

❖ 10% за сите видови на доход,
❖ 15% за доходот од игри на среќа.

## Договори за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија

- Го определуваат примарното правото на оданочување на доходот што резидентите на една држава го остваруваат од друга/и држава/и со цел истите да не бидат оданочени двапати.
- Спречуваат да нема двојно ослободување (да не се плати данок во ниту една држава).
- Македонија има потпишано вакви договори со 49 држави, од кои применливи се 48 (Договорот со Египет сеуште не е влезен во примена).
- Листа на Договорите може да се најде на http://www.ujp.gov.mk/mk/megjunarodni_organizacii/category/192
- Одредбите од договорите се земаат во предвид при утврдување на статусот на даночен резидент на одредено лице, и
- При утврдувањето на данокот кој треба да се плати во државата и определувањето на даночни олеснувања/ослободувања на даночните резиденти и нерезиденти.

### Концепт на „Еднostран даночен кредит“

- На резидентот му се намалува пресметаниот данок во Македонија за износот на платениот данок во друга држава, најмногу до износот на данокот што би се добил со примена на пропишаните даночните стапки.
- Ако данокот платен во друга држава е поголем од износот на данокот пресметан по стапка од 10% или 15% → нема доплата на данок во Македонија.
- Ако данокот платен во друга држава е помал од износот на данокот пресметан по стапка од 10% или 15% → во Македонија се доплатува разликата.
- За користење на даночниот кредит МОРА да се достави официјален доказ за данокот платен во другата држава.

## ОДАНОЧУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СЛУЧАИ КОГА ИСТИТЕ ОСТВАРУВААТ ДОХОД ПО ОСНОВ НА РАБОТА ОД СТРАНСТВО

### Основно правило на оданочување на личните примања од работен однос

Платите, надоместоците и другите слични примања кои произлегуваат од работен однос се оданочуваат во државата во која работата физички се извршува.

- Ако работата физички се извршува во Македонија – данокот се плаќа во Македонија;
- Ако работата физички се извршува во Германија – данокот се плаќа во Германија.

### Исклучок од основното правило – 183 дневен престој

Платата, надоместоците и другите слични примања од работен однос кој се извршува во Германија од страна на македонски резидент, може да се оданочат во Македонија - државата на резидентност, доколку се исполнети сите наведени услови:

- Престој во Германија помалку од 183 дена во 12 месеци;
- Платата ја исплаќа работодавач кој не е резидент на Германија;
- Платата не е на товар на Германска компанија/подружница на работодавачот во Германија
- ❖ Ако се исполнети сите услови → данок само во Македонија
- ❖ Ако не → данок во Германија

**Можни сценарија на работно ангажирање во странство и соодветниот даночен третман**

❖ Сценарио 1:
Работиш во Германија со локален договор за вработување со германски работодавач, при што живееш и работиш таму.
**Данок**: се плаќа во Германија (физичко присуство)
**Македонија НЕ оданочува**: дава даночен кредит за данокот ефективно платен во Германија

❖ Сценарио 2:
Македонската фирма за која работиш те праќа (упатува) на работа во Германија со престој пократок од 183 дена. Платата, за работата во Германија ја плаќа македонската фирма.
**Данок**: во Македонија

❖ Сценарио 3:
Македонската фирма за која работиш те праќа (упатува) на работа во Германија со престој подолг од 183 дена. Платата, за работата во Германија ја плаќа македонската фирма.
**Данок**: во Германија

❖ Сценарио 4:
Работиш од Македонија за германска фирма (remote).
**Данок**: во Македонија (бидејќи работата физички се врши тука)

❖ Сценарио 5:
Извршуваш краткорочни услуги во Германија (физичко присуство) врз основа на договор за повремено вршење на услуги.
**Данок**: во Македонија (друг доход се оданочува секогаш во земјата на резидентност).

## КЛУЧНИ ПОРАКИ

Каде се плаќа данок на доход од работа – плата?

| Држава каде се извршува работата | Предуслови | Држава во која се плаќа данокот |
|---|---|---|
| Германија[1] | Долг престој > 183 дена | Германија |
| Германија[1] | Краток престој < 183 дена;<br>Платата да не е исплатена од Германска компанија;<br>Платата не е на товар на Германска компанија. | Македонија |
| Македонија (Remote работа за странска компанија) | Работата физички да се извршува од Македонија | Македонија |

- ❖ *Локацијата на работата е главниот критериум, а 183-дневното правило е исклучок.*
- ❖ *Договорот меѓу Македонија и Германија спречува да платиш данок двапати.*

*Пример*:
Македонски резидент работи во Германија (физички) со престој < 183 дена и прима плата од германска фирма.

- *Дали се плаќа данок во Македонија?*
  НЕ — во овој случај.
- *Зошто?*
  НЕ се исполнети трите условите за исклучокот од 183 дена согласно одредбите од Договорот со Германија, односно:
  - Престој < 183 дена (првиот исклучок исполнет);
  - Платата ја исплаќа германски работодавач (вториот исклучок не е исполнет);
  - Трошокот за платата е на германската компанија (третиот исклучок не е исполнет).

**Соодветно, согласно Договорот - Германија има право да го оданочи доходот - платата**.

- Паралелно:
  Бидејќи лицето е даночен резидент на Македонија, која го оданочува светскиот доход, доходот треба да се пријави во Македонија.
- Значи:
  Македонија ИМА право да го оданочи доходот но мора да избегне двојно оданочување, преку одобрување на даночен кредит.
- Клучниот момент во овој случај
  Германија формално има право на оданочување, НО во пракса данокот е вратен од страна на Германија (нема ефективно платен данок).
- *Дали тогаш се оданочува во Македонија?*
  Да — доходот се оданочува во Македонија.
- И тоа е многу важно:
  НЕ се цени само „која земја има право на оданочување“, туку и дали е реално платен данок во странство (во другата земја).
- *Зошто?*
  Македонија применува метод на даночен кредит (tax credit)
  Тоа значи:
  - ако си платил данок во Германија → се признава како кредит;
  - ако НЕ си платил (или ти е вратен) → нема што да се признае.
  - Заклучок за овој случај:
  - македонски резидент
  - <183 дена во Германија
  - германски работодавач
  - данок во Германија: 0 (вратен)

---

1) *Или било која друга земја со која Македонија има применлив договор*

Резултат:
- Германија има право да оданочи (по договор)
- Но не оданочила ефективно
- Македонија го оданочува целиот доход

- *Од каде произлегува основот?*
  Правниот основ е комбинација од:
  1. Договорот за одбегнување на двојното оданочување, член за доход од вработување → дозволува оданочување во Германија, но НЕ забранува Македонија да оданочува како резидентна држава.
  2. Домашното право на Македонија
     Резиденти се оданочуваат на светски доход.
  3. Метод за избегнување двојно оданочување → се применува само ако има реално платен данок во странство.
     Во твојот случај:
     Нема кредит → целосно оданочување во Македонија.
     Практична поента → Ова е класичен ризик:
     лице мисли дека „не плаќа данок" (бидејќи Германија вратила)
     но всушност има обврска во Македонија

- Кратка формула
  *Право на оданочување ≠ реално платен данок. Кредит има само ако има платен данок. Ако нема → Македонија оданочува целосно.*

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Начин и рок на пријавување
- Преку системот е-Даночни услуги со поднесување на електронска пресметка е-ППД до 10ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец.
- За плата и пензија на кои данокот е платен во странство до 31 март во годината за платата/пензијата остварени во претходната.
- Кон пресметки задолжително се прикачуваат докази за остварениот доход и платениот данок (доколку е применливо).

За повеќе информации во однос на поднесувањето на пресметката види линк:
- Доход остварен во странство (поднесување) - https://www.youtube.com/watch?v=gcAcns_QFoE
- Доход остварен во странство (плаќање) - https://www.youtube.com/watch?v=9P7RjC-Zjc8

- *Што доколку немам профил на е-Даночни услуги?*
  Како обврзник кој остварува доход кој подлежи на оданочување, потребно е да регистрирате профил на системот е-Даночни услуги.
  За постапката за регистрација види повеќе информации на види линк.

## ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА

- *Дали имате обврска за поднесување на Годишна даночна пријава (ГДП)?*
  НЕ – ГДП ја генерира Управата за јавни приходи врз основа на поднесените електронски пресметки во текот на годината, најдоцна до 30 април во годината за претходната.
- *Каде може да ја видам мојата ГДП?*
  ГДП е поставена на твојот профил на системот е-Даночни услуги.
- *Кои се моите обврски во однос на генерираната ГДП?*
  До 31 мај имате обврска да ја потврдите, доколку се согласувате со податоците во истата, или да ја коригирате истата, доколку сметате дека податоците не соодветствуваат на реалната состојба.
  Доколку во овој рок не се потврди или коригира ГДП, истата ќе се смета за конечна.
- *Што доколку УЈП не ја прифати корекцијата на ГДП?*
  УЈП со решение ќе го утврди данокот најдоцна во рок од 60 дена од приемот на корекцијата на ГДП.
  По решението имате право на правен лек → тужба до Управниот суд.
- *Во кој рок треба да се плати данокот утврден со ГДП?*
  Најдоцна до 30-ти јуни во тековната година.
  Данокот утврден во решението на УЈП (кога не се прифаќа корекцијата) се плаќа во рок од 15 дена од приемот на решението.
- *Што доколку во текот на годината (преку аконтации) имам платено повеќе данок?*
  УЈП ќе изврши поврат на данокот во рок од 60 дена од барањето за враќање искажано во ГДП.